Архивски број: 08-393/3
15-08-2022 година

Постапувајќи по електорнската пријава за дискриминација заверена под архивски бр. 08–393/1 од 26.08.2022 година, поднесена од [redacted] против Македонска таеквондо федерација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.08.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** електорнската пријава заверена под архивски бр. 08 – 393/1 од 26.07.2022 година, поднесена од [redacted] против Македонска таеквондо федерација **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 26.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена електронска пријава за заштита од дискриминација од страна на [redacted].

Комисијата при разгледувањето на пријавата утврди дека во пријавата не е наведен основ на дискриминација согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој *(Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).* За да се поведе постапка за конкретен случај за дискриминација потребно е подносителот да се повика на погоре истакнатите основи за дискриминација, односно да е дискриминиран по некаков основ.

Исто така, Комисијата констатира дека електронската пријавата не содржеше околности и факти врз кои се темели претставката. Заради тоа, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката заверена под број 08-393/2 од 26.07.2022. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди пријавата, во насока што ќе пополни формулар којшто им беше пратен во прилог.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели

претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Кире Василев

Доставено до:
-[redacted]
-Архива на КСЗД